# USE OF RESTORATIVE JUSTICE IN THE CONTEXT OF INTIMATE PARTNERS VIOLENCE

**Vesna Stefanovska**
Faculty of security - Skopje, University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
vstefanovska77@gmail.com

**Abstract:** The question of the use of restorative justice (RJ) in cases of domestic violence among intimate partners has caused the greatest resistance and controversy among proponents of restorative justice. The reasons are in the nature and in the characteristics inherent in that violence: the presence of control and power over the victim, loss of trust, gender-based violence, cultural differences in certain communities, the possibility of escalation of the violence, its possible longer use, failure of the community to protect the victim etc. Hence, a particular group of feminists believe that restorative justice lacks awareness of gender inequality, which is behind the background of violence against women. A number of comparative analyzes of the application of restorative justice in cases of domestic violence in a number of countries in the world find that RJ is a successful way of dealing with that kind of violence. So, despite a series of criticisms and possible risks from the application of restorative justice in such cases, RJ receives support because can better addresses the problem of that type of violence and meet the needs of the victim. An additional reason is the failure of the formal court trials to ensure adequate protection of victims, to satisfy the sense of justice and to meet their needs. On the other hand, in relation to the perpetrator, violent behavior towards the intimate partner is a symptom of a deep problem in the attitude towards the victim and, in general, a problem that should be specifically approached in order to consider not only the consequences, but also the origin of his own aggression. Given the above, there are numerous benefits from restorative justice in cases of violence among intimate partners: the right to actively participate and to resolve the problem, encouragement, greater degree of responsibility of the offender, a flexible and informal process that is less frightening for the victim, opportunity for dialogue and communicatiom, the opportunity to treat the problem of violence for those who want to improve mutual relations and stay together. In this context, the primary focus should not be to resolve the conflict, but to treat the sides through confrontation and dialogue, because in this way, positive results can be achieved.
Those issues related to the possible risks, but also to the benefits and perspectives of the application of restorative justice in cases of domestic violence among intimate partners are subject to theoretical elaboration of this paper.
**Keywords:** restorative justice, domestic violence, intimate partners.

# ПРИМЕНА НА РЕСТОРАТИВНАТА ПРАВДА ВО КОНТЕКСТ НА НАСИЛСТВО МЕЃУ ИНТИМНИ ПАРТНЕРИ

**Весна Стефановска**
Факултет за безбедност – Скопје, Македонија, vstefanovska77@gmail.com

**Резиме:** Прашањето за примена на ресторативната правда во случаи на семејно насилство меѓу интимните партнери предизвика најголем отпор и контроверзии меѓу поборниците на ресторативната правда. Причините се наоѓаат во самата природа и во карактеристиките својствени на тоа насилство: присуство на контрола и моќ врз жртвата, загуба на довербата, насилство засновано на род, културни разлики во одредени заедници, можност за ескалација на насилството, можна подолготрајна примена на насилството, неуспех на заедницата да ја заштити жртвата и слично. Оттука, одредена група феминисти сметаат дека на ресторативната правда и недостасува свест за нееднаквоста меѓу половите, која ја чини позадината на насилството спрема жената Голем број компаративни анализи од примената на ресторативната правда во случаи на семејно насилство во голем број држави во светот утврдува дека таа е успешен начин на справување со тој вид насилство. Значи, и покрај низата критики и можни ризици од примената на ресторативната правда во случаи на насилство меѓу интимни партнери, таа добива поддршка бидејќи подобро го адресира проблемот на тој вид насилство и може да ги оствари потребите на жртвата. Дополнителна причина е неуспехот на казнените постапки да обезбедат соодветна заштита на жртвите, да го задоволат чувството на правда и да ги остварат нивните потреби. Од друга страна, во однос на сторителот, насилното однесување спрема интимниот партнер претставува симптом на длабок проблем во односот кон жртвата и, воопшто, проблем на кој треба посебно да му се пристапи за да може да ги сфати не само

последиците, туку и потеклото на сопствената агресија. Имајќи го предвид наведеното, бројни се придобивките од ресторативната правда во случаи на насилство меѓу интимни партнери: право на активно учество и на решавање проблемот, охрабрување, поголем степен на одговорност на сторителот, флексибилен и неформален процес кој е помалку застрашувачки за жртвата, можност за дијалог и комуникација, можност да се третира самиот проблем на насилство за оние што сакаат да ги подобрат меѓусебните односи и да останат заедно. Во тој контекст, примарен фокус не треба да биде решавање на конфликтот, туку лечење на страните преку конфронтација и дијалог, бидејќи на тој начин, може да се постигнат позитивни резултати.
Токму прашањата за можните ризици, но и придобивки и перспективи на примената на ресторативната правда во случаи на семејно насилство меѓу интимни партнери се предмет на теоретска елаборација во рамките на трудот.
**Клучни зборови:** ресторативна правда, семејно насилство, интимни партнери

## 1. ВОВЕД

Во теоријата и практиката за ресторативна правда[289] сè повеќе и погласни се залагањата за нејзино проширување и врз посериозните и почувствителните случаи на кривични дела (убиства, случаи на семејно насилство, сексуално насилство, криминал од омраза, случаи на сериозни насилнички дела, како и кривични дела против човечноста и меѓународното право). Меѓутоа, прашањето за примена на ресторативната правда во случаи на семејно насилство меѓу интимните партнери[290] предизвика најголем отпор и контроверзии меѓу поборниците на ресторативната правда. Причините се наоѓаат во самата природа и во карактеристиките својствени на тоа насилство: присуство на контрола и моќ врз жртвата, загуба на довербата, насилство засновано на род, културни разлики во одредени заедници, можност за ескалација на насилството, можна подолготрајна примена на насилството, неуспех на заедницата да ја заштити жртвата и слично.[291] Токму поради наведените карактеристики, во криминолошката теорија и пракса се јавуваат и различни перспективи и теории, коишто ги објаснуваат причините за насилството меѓу интимните партнери. Тие перспективи се исто толку значајни за застапниците на ресторативната правда, бидејќи разбирањето на проблемот од страна на оние што се повикани да го посредуваат и олеснуваат процесот е клучно за постигнување позитивни резултати. Во таа смисла, не е исто ако кон проблемот се тргне од ставот дека насилството претставува проблем на контрола на бесот од страна на сторителот или дека тоа е проблем на самиот однос меѓу интимните партнери (мажот и жената). Исто така, различен е пристапот кога насилството е резултат на одредена психичка и/или физичка зависност, на недостаток на комуникација меѓу партнерите или кога насилникот бил жртва или сведок на насилство во неговото детство. Покрај наведеното, разбирањето на културните разлики и доминантни ставови за тој вид насилство влијае врз целиот ресторативен процес. Според феминистичката теорија, насилството меѓу интимните партнери (и воопшто семејното насилство) е еден од елементите на патријархатот. Тоа се поврзува со машката доминација според која мажите ја користат силата и контролата во односот со партнерот преку извршување акти на насилство и злоупотреба. Поради тоа, насилството е одлика на однесување, а не изолиран инцидент. Таквото однесување

[289]Иако во кривичноправната и криминолошката научна мисла се сретнуваат повеќе пристапи, при дефинирањето и објаснувањето на ресторативната правда, заедничко за нив е дека таа претставува неформален и нетрадиционален начин на решавање на кривичните спорови со активно учество на жртвата, сторителот и заедницата.
[290] За поимите семејно насилство меѓу интимни партнери има повеќе дефиниции. Во трудот, ја прифаќаме **дефиницијата за семејно насилство** наведена во *Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен Весник на РМ, бр. 138/2014)*. Во него под **семејно насилство врз интимни партнери** се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија спрема *сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи* без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.
[291]J, Stubbs, Relations of domination and subordination: challenges for restorative justice in responding to domestic violence, UNSW Law Journal, Vol.  33 (3), pp. 970 – 986, 2010. 979.

е поврзано со машката желба за продолжување на доминацијата врз жените во општеството.[292] Значи, сторителот сака и избира да ја наметне својата сила и контрола во односот, за што сноси целосна одговорност за употребата на насилство. Оттука, одредена група феминисти сметаат дека на ресторативната правда и недостасува свест за нееднаквоста меѓу половите, која ја чини позадината на насилството спрема жената.[293] Без да навлегуваме подетаљно во причините за насилството меѓу интимните партнери, жртвите, како резултат на тоа насилство имаат потреби за правда и потреби за преживување. *Потреби за правда* се: жртвата да има можност да ја каже приказната, да биде дел од решението, да се потврди повредата, додека во *потреби за преживување* спаѓаат: обезбедување физичка и емоционална безбедност, решавање економски проблеми, вработување, домување и слично[294]. Поради природата и одредени карактеристики на семејното насилство меѓу интимни партнери во литературата се нагласуваат можните ризици кои ја затвораат вратата на ресторативната правда.

## 2. РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО ПРИМЕНАТА НА РЕСТОРАТИВНАТА ПРАВДА ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО МЕЃУ ИНТИМНИ ПАРТНЕРИ

Врз основа на одредени истражувачки резултати (иако нивниот број е скромен), како и поради природата на делото и одредени негови карактеристики, често се приговара дека ресторативните процеси носат со себе ризици. Тие се однесуваат на следното.

**Безбедност на жртвата.** Создавање безбедна средина во која ќе се одвива еден ресторативен процес е неопходен услов за негово започнување. Таа треба да гарантира не само физичка, туку и емоционална безбедност на сите учесници во процесот. Покрај тоа, безбедноста треба да биде гарантирана како за време на процесот, така и по неговото завршување. Имајќи го предвид наведеното, во случаи на насилство меѓу интимни партнери често се приговара дека ресторативната правда не може да гарантира и обезбеди безбедност на жртвата. На пример, насилството на сторителот може да ескалира во периодот на одвојување, односно во периодот кога жртвата и сторителот не живеат заедно. Тоа е позната и препознатлива реакција на насилникот т.н. *напад за време на одвојување (separation assault).* Ресторативните процеси што се спроведуваат во периодот на одвојување се често неуспешни бидејќи сторителот на агресивен начин се обидува да ја контролира ситуацијата.

**Доброволно учество на жртвата и присуство на присилба во текот на ресторативните процеси**. Во случаи на континуирано насилство, кога едниот партнер со насилство го контролира другиот партнер, *насилникот* воспоставува целосна сила и моќ врз контролата на одлуките. Дури и да не врши видлив притисок врз жртвата за нејзино учество, таа може сè уште да чувствува одреден притисок, односно да не може да се ослободи од тоа чувство. Поради тоа, доброволното учество на жртвата во ресторативен процес се става под знак прашање.[295] Покрај тоа, присилбата за учество може да продолжи во понатамошниот тек на процесот и жртвата, од страв, без своја волја да се согласи со постигнатиот договор. Тој страв дополнително ја намалува нејзината волја да ги изрази сопствените желби и очекувања за време на процесите. Поради тоа, адвокатите за заштита од семејното насилство аргументираат дека жртвата може да зборува отворено и слободно само доколку насилството е ставено под контрола, односно доколку доминацијата на мажот врз жената е отстранета.[296] Тие услови бараат долготраен процес, особено доколку насилството меѓу интимните партнери е резултат на неспособноста на сторителот да го контролира својот бес или доколку кај него постојат предрасуди за машката доминација и женската субординација во општеството. Значи, поради континуираната примена на насилство, како и поради присуството на сила и контрола, кои го оневозможуваат слободниот избор на жртвата, ресторативната правда не е соодветна за случаи на семејно насилство. Во таа смисла, иако постои согласност дека нарушените односи можат

[292] A, Edvards, & S, Sharpe, Restorative justice in the Context of Domestic Violence: A Literature Review, Mediation and Restorative Justice Centre, Edmonton, Alberta, Canada, 2004

[293] J, Ptacek, Evaluation Research on Restorative Justice and Intimate Partner Violence: A Review and Critique, A Workshop on Developing Effective Primary, Secondary and Tertiary Intervention, The National Science Foundation and the National Institute of Justice, 2014, 4.

[294] J, Stubbs, Relations of domination and subordination: challenges for restorative justice in responding to domestic violence, UNSW Law Journal, Vol. 33 (3), pp. 970 – 986, 2010. 983.

[295] A, Edvards, & S, Sharpe, Restorative justice in the Context of Domestic Violence: A Literature Review, Mediation and Restorative Justice Centre, Edmonton, Alberta, Canada, 2004, 14.

[296] Исто, 14.

повторно да се изградат, исто така, постои согласност дека тој процес не може да почне додека насилството сè уште е присутно, а ресторативните процеси, во никој случај не можат да се применат како обид насилството да престане.[297]

**Манипулација од страна на сторителот.** Во текот на ресторативниот процес, сторителот може да манипулира со ситуацијата, односно да ја признае вината, а во суштина да не чувствува одговорност за континуираната примена на насилство врз неговата интимна партнерка. Дури и вистински да се кае, самото признавање на делото не е доволно за сторителот, а ниту помирувањето на односот меѓу страните треба да биде примарна цел. Целта на ресторативната правда е сторителот да стане свесен за ефектите од неговата злоупотреба врз жртвата, а тој дел претставува најтежок аспект во процесот на менување. Аргументите се дека, голема е веројатноста жртвата во целиот претходен процес да му кажува на сторителот како се чувствува, што не дало позитивни резултати во смисла насилството да престане. Затоа, противниците изразуваат сомнеж и недоверба дека повторното изразување на чувствата од страна на жртвата пред поголема група луѓе ќе вроди со плод.[298] Исто така, со оглед на тоа што ресторативните процеси бараат компромисни решенија, се релативизира одговорноста на сторителот и, делумно, таа одговорност се препишува и на страната на жртвата. Имајќи го предвид наведеното, противниците изречно наведуваат дека *насилството не е предмет на посредување* и медијаторите (посредниците) во ресторативните процеси не смеат да ги разгледуваат прашањата дали насилството се случило, дали жената треба да побара помош, како и за каков било договор сè додека насилството е присутно. Тоа значи дека одговорноста на сторителот, во никој случај не смее да се минимизира. Покрај тоа, истражувањата покажуваат дека неформалните процеси можат да ја ревиктимизираат жртвата кога сторителот не ја презема одговорноста за делото и ја минимизира штетата.[299]

**Одредени карактеристики на жртвата.** Одредени лични карактеристики на жртвите на семејно насилство ја отежнуваат примената на ресторативните процеси. Тие се пасивноста и научената беспомошност на жените, како и нивната сугестибилност и неспособност да се конфронтираат со насилникот. Исто така, доколку интимните партнери сè уште живеат заедно, повторната средба насамо ја потиснува потребата на жртвата да ги истакне сопствените чувства и желби за време на ресторативните средби. Други аргументираат дека поради т.н. трауматично врзување меѓу интимните партнери, жртвата може да ја минимизира злоупотребата или нејзината сериозност и да се обвинува себеси за тоа што ѝ се случило. По изразувањето љубов и нежност по епизодата на насилство, жртвата почнува да верува дека љубовта и злоупотребата одат заедно. Исто така, постои теза дека колку што е поисплашена жртвата толку е поголема веројатноста таа поцврсто да се врзе со сторителот.[300]

**Нарушена доверба и поддршка од заедницата.** Покрај проблемите поврзани со сторителот, можни се проблеми поврзани со семејството на жртвата и со нејзините блиски роднини и пријатели. Тие можат да имаат осудувачки став спрема жртвата и поради тоа, наместо да влијаат да се намали насилното однесување, тие го засилуваат.[301] Во едно истражување во Канада, Стабс (Stubbs) заклучува дека силата на семејството може да стане слабост кога неговите членови сакаат да го скријат насилството. Или, поддршката кон злоупотребените жени може да изостане кога постарите членови од семејството немаат разбирање за природата и степенот на семејното насилство. На пример, често, постарите генерации сметаат дека семејството треба да остане заедно без разлика на можните злоупотреби од страна на мажот врз жената.[302] Во други случаи, поради недостаток на консензус во заедницата дека семејното насилство е погрешно, учеството на жената како жртва на насилство може да предизвика неодобрување и осудување од страна на другите членови од заедницата. Во поширок општествен контекст станува збор за културна толеранција на

---

[297] P, Martin,, Restorative justice – a family violence perspectives, Social Policy Journal of New Zealand Vol. (6), Ministry of social development, New Zealand, 1996.
[298] Исто.
[299] J, Stubbs, Relations of domination and subordination: challenges for restorative justice in responding to domestic violence, UNSW Law Journal, Vol. 33 (3), pp. 970 – 986, 2010, 983.
[300] A, Edvards, & S, Sharpe, Restorative justice in the Context of Domestic Violence: A Literature Review, Mediation and Restorative Justice Centre, Edmonton, Alberta, Canada, 2004, 16.
[301]K, Daly, Gendered Violence and Restorative Justice: The views of New Zealand Opinion Leaders, Contemporary Justice Review Vol. 14 (3), pp. 269 – 290, 2011.
[302] E, Gaarder & L, Presser, A feminist vision of justice? The problems and possibilities of restorative justice for girls and women, Handbook of Restorative Justice, Tailor and Francis, pp. 483 – 394, 2006, 490.

семејното насилство кога, поради традиционалните политики, кои ја намалуваат и потценуваат неговата сериозност, се засилува дисбалансот на моќ. Тоа значи дека, во одредени култури, насилството е прифатено и жртвата, наместо сторителот, заслужува срам.[303]

**Декриминализација на семејното насилство меѓу интимни партнери**. Една од критиките се однесува и на повторното приватизирање на делото и на минимизирањето на прашањето за јавна осуда на насилството меѓу интимни партнери (и воопшто за сите форми на семејно насилство). Тоа значи дека ресторативната правда го сфаќа насилството како приватен проблем меѓу интимните партнери, а не како сериозно дело за кое е потребна кривичноправна заштита. Противниците за примена на медијацијата се против гледањето на тоа насилство едноставно како ескалација која преминува во конфликт. Пред воведувањето на кривичноправната заштита на насилството меѓу интимните партнери (и воопшто за сите форми на семејно насилство), тоа се гледало како приватна работа помеѓу партнерите и таквите случаи биле замаскирани и покриени со превезот на тајност. Затоа и противниците стравуваат дека поранешните сфаќања за интимната (во прво време, брачна) приватност и тајност ќе бидат легитимирани со принципот на доверливост во рамките на медијацискиот процес. Исто така, принципите на консензус, искреност и компромис, коишто се значајни за постигнување прифатливо решение, се доведуваат во прашање во случаите на насилство меѓу интимни партнери.[304]

## 3. ОДРЕДЕНИ ПРАКТИКИ И ИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО МЕЃУ ИНТИМНИ ПАРТНЕРИ

За примената на ресторативната правда во случаи на насилство меѓу интимни партнери има скромни истражувачки студии кои даваат позитивни, но и негативни резултати. Често, при разгледувањето на нивната поврзаност, прашањето се дефокусира, односно се адресира друг проблем во општествата во кои постојат предрасуди за машката доминација и женската субординација. Затоа, мора да се разбере проблемот на тоа насилство во контекст на патријархалните традиционални верувања. Во однос на моделите на ресторативна правда, во случаи на насилство меѓу интимни партнери се применува медијација меѓу жртва и сторител, семејни групни конференции, кругови, панели за дијалог и слично. Иако постојат критики поради малиот број истражувања врз основа на кои не може да се извлекуваат генерални заклучоци, ниту постојат повеќе лонгитудинални студии кои ќе ги следат жртвите и нивниот понатамошен однос со сторителот, сепак, податоците даваат одредени сознанија кои го отвораат патот за почеста примена на ресторативната правда.

Криста Пеликан (Christa Pelican, 2000) во 2000 година има направено истражување за примената на медијацијата во случаи на насилство меѓу интимни партнери, при што се преземени две методолошки постапки: 1. набљудување на 30 посредувани случаи и 2. спроведување интервјуа со соодветните медијатори. Врз основа на истражувањето и врз основа на природата и содржината на посредуваните случаи и целите кон кои е насочена медијацијата е направена поделба на постапките за медијација:

1. **Медијација меѓу жртва и сторител како засилување на промена.** Овој вид медијација посредува во случаи во кои насилството претставува невообичаен настан и кога двете страни решаваат дека треба да ги преиспитаат нивните односи. Во тој случај, медијацијата е насочена кон охрабрување на страните за позитивна промена на нивните односи. Меѓутоа, овој модел се применува и во случаи кога жртвата, поради подолготрајната состојба на виктимизираност решава да го напушти сторителот.
2. **Медијација меѓу жртва и сторител како почеток на реформација.** Искуството од посредуваните случаи покажува дека, кај одредени сторители, постои волја и желба за промена на нивното однесување.
3. **Медијација меѓу жртва и сторител која поддржува нивно раздвојување.**

Генералниот заклучок од истражувањето на Пеликан (2000) е дека ресторативниот пристап во случаи на семејно насилство меѓу интимни партнери успева само тогаш кога процесот е насочен кон охрабрување на страните да направат позитивни промени во нивното однесување, кога се ослободени од страв и

[303] A, Edvards, & S, Sharpe, Restorative justice in the Context of Domestic Violence: A Literature Review, Mediation and Restorative Justice Centre, Edmonton, Alberta, Canada, 2004, 11.

[304] S, Hooper & R, Bush, Domestic violence and restorative justice initiatives: the risks of a new panacea, Waikato Law Review, Taumauri, Vol. 4 (1), pp. 101 – 130, 1996.

насилство и кога и сторителот и жртвата имаат волја и поддршка тоа да го направат.[305] За неа, потенцијалот или силата на медијацијата лежи во процесите на охрабрување или ослободување на жртвата од чувството на страв. 10 години подоцна, во 2009 година, Пеликан спроведува ново истражување со цел да согледа дали медијацијата има позитивни ефекти на подолг временски период од спроведената медијација.[306] Врз основа на добиените резултати заклучува дека жртвите се поохрабрени во нивниот понатамошен живот (80 % од жртвите го изразуваат нивното задоволство) и забележуваат позитивни промени во однесувањето кај партнерот (40 % од жртвите забележуваат промени). Оттука, таа заклучува дека медијацијата успева во оние случаи кога жртвата решила да има живот без физичко насилство и има дополнителни извори (парични средства, соодветни квалификации) да живее независно доколку разделбата е неопходна. Тоа, од друга страна значи дека, медијацијата меѓу жртва и сторител има ограничување кога жртвата нема дополнителни извори кои ќе ја олеснат нејзината, пред сè, економска независност. Медијација меѓу жртва и сторител во случаи на семејно насилство е дел од повеќе програми кои се спроведуваат во Белгија (VOM Service), Финска, Германија (Die Waage Project, Hannover), Грција, Холандија, Романија, САД, Канада, Австралија, Нов Зеланд, Јужна Африка.

Покрај медијацијата, меѓу домородното население во Канада, препознатливи се круговите за лечење кои се применуваат и во случаи на семејно насилство на територијата Холоу Вотер, Манитоба (Hollow Water, Manitoba) од 1984 година. Сознанијата говорат дека, по нивното спроведување, стапката на семејно насилство меѓу интимните партнери и на рецидивизам е намалена, што го подобрува и квалитетот на животот во заедниците во кои живее домородно население. Друг вид кругови се миротворните кругови, кои, исто така, се применуваат кај американските староседелци. Нивната примена покажува различни резултати. Негативни аспекти се: можно присилно учество на жртвата, недоволна информираност за значењето на процесот, несоодветна обученост на лицата што го водат процесот, како и необезбедување соодветна заштита за жртвата. Меѓутоа, и покрај наведените ризици, кои се идентификувани во голем број случаи, меѓу застапниците на ресторативната правда е присутен ставот дека миротворните кругови овозможуваат да се промени начинот на кој се перципира семејното насилство од страна на другите членови на заедницата.[307] Трета форма на ресторативна правда во случаи на насилство меѓу интимни партнери се панел - дискусиите за изјава на жртвата (Victim Impact Panel). Тие претставуваат форуми на кои мала група жртви зборува пред поголема група сторители (кои не се нивните злоупотребувачи) за тоа како семејното насилство влијаело врз нив и врз другите членови од семејството. Околу 80 % од жртвите изразуваат позитивно искуство од учеството во такви панел-дискусии, додека околу 57 % од сторителите сметаат дека тоа е добро искуство за нив.[308] Во Нов Зеланд, од 2005 година семејните групни конференции можат да се применуваат и за случаи на семејно насилство, но истражувањата покажуваат поделени мислења. Во едно истражување 32 % од интервјуираните жени рекле дека насилството престанало, додека 37 % не се согласуваат со тој став.[309] Одредени ресторативни програми, во случаи на насилство меѓу интимни партнери, се спроведуваат и во казненопоправни установи. Таква е програмата *Дијалог меѓу сторителот и жртвата*, која се применува во Орегон, според која, сторителите се сретнуваат со сурогат жртви (заменувачи) на семејно насилство[310].

---

[305]M, Liebman & L, Wootton, Restorative justice and domestic violence/abuse, Report commissioned by HMP Cardiff, The Home Office Crime Reduction Unit for Wales, 2010, 21.

[306] Податоците се собрани на следниот начин: добиени се 162 пополнети прашалници од жени жртви на семејно насилство, кои биле дел од процесот на медијација меѓу жртва и сторител, набљудувани се 33 сесии и направени се 21 интервјуа со жртви на семејно насилство по спроведената медијација (M, Liebman & L, Wootton, Restorative justice and domestic violence/abuse, Report commissioned by HMP Cardiff, The Home Office Crime Reduction Unit for Wales, 2010, 22).

[307] E, Gaarder & L, Presser, A feminist vision of justice? The problems and possibilities of restorative justice for girls and women, Handbook of Restorative Justice, Tailor and Francis, pp. 483 – 394, 2006, 490.

[308] A, Edvards, & S, Sharpe, Restorative justice in the Context of Domestic Violence: A Literature Review, Mediation and Restorative Justice Centre, Edmonton, Alberta, Canada, 2004, 8.

[309]K. Daly, Restorative justice and sexual assault: an archival study of court and conference cases, British Journal of Criminology Вол. 46(2), pp. 334 – 56, 2006.

[310] J, Ferguson, Professional Discretion ant the Use of Restorative Justice Programs in Appropriate Domestic Violence Cases: An Effective Innovation, American University Criminal Law Brief Vol. 4 (2), pp. 3 – 22, 2009, 12.

Компаративната анализа од примената на ресторативната правда во случаи на семејно насилство, спроведена од страна на Лајбмен и Вотон (Liebman & Wootton, 2010), во голем број држави во светот утврдува дека таа е успешен начин на справување со тој вид насилство.

## 4. ЗАКЛУЧОК

И покрај низата критики и можни ризици од примената на ресторативната правда во случаи на насилство меѓу интимни партнери, таа добива поддршка бидејќи подобро го адресира проблемот на тој вид насилство и може да ги оствари потребите на жртвата. Позитивна страна на ресторативните процеси е што тие претставуваат *форуми за раскажување*, не само за индивидуалниот случај, туку и за длабоките структурни проблеми кои создаваат неправда и нееднаквост во општеството, како што се сексизам, родова нееднаквост и слично. Во таа смисла, ресторативната правда преставува начин да се прошири кругот односно нуди можност да се вклучат семејствата и заедницата во решавањето и во надминувањето на проблемите.[311] Проблемите, кои се сметаат не само за приватни, туку и за општествени, бараат решенија кои почнуваат со комуникација, а наративниот стил на ресторативните процеси овозможува да се изнесе и да се дискутира за преживеаното искуство и за можните решенија.[312] Исто така, одредени заедници не веруваат во заштитата од кривичноправниот систем во случаи на сексуално и семејно насилство и, поради тоа, жртвите се обесхрабрени да го пријават делото, што придонесува да се зголеми темната бројка кај овие облици на криминал. Спротивно на тоа, еден од аргументите за примена на ресторативната правда е и зголемената веројатност жртвата да го пријави делото доколку е согласна случајот да се реши по пат на медијација или со примена на друг модел на ресторативна правда. Во тој контекст, како што ниту една жртва не смее да биде присилена да се конфронтира со сторителот, така и на ниту една жртва не треба да ѝ се ускрати таа можност.

Имајќи го предвид наведеното, бројни се придобивките од ресторативната правда во случаи на насилство меѓу интимни партнери: учество и право на глас, охрабрување, поголем степен на одговорност на сторителот, флексибилен и неформален процес кој е помалку застрашувачки за жртвата, можност за дијалог и комуникација, можност да се третира самиот проблем на насилство за оние што сакаат да ги подобрат меѓусебните односи и да останат заедно. Во таа насока и Брејтвејт и Дејли (1995) аргументираат дека конференциите во заедницата се поефикасен начин на решавање на тој вид насилство бидејќи ја истакнуваат одговорноста на сторителот и, во споредба со судскиот процес, помала е можноста за ревиктимизацијата на жртвата.[313] Услови што треба да се исполнат се постоење доброобучен и квалификуван кадар, мултисекторски пристап кој ќе обезбеди соодветна помош и поддршка на сторителот и на жртвата, целосно запознавање со карактеристиките и потребите на двете страни, нивна заштита и ослободеност од предрасуди кон било која страна, постоење процедури што ќе гарантираат доброволно учество и соодветни правила за евалуација и набљудување на процесот и целосно разбирање на изворот, односно причините за проблемот. Примарен фокус не треба да биде решавање на конфликтот, туку лечење на страните преку конфронтација и дијалог, бидејќи на тој начин, може да се постигнат позитивни резултати.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] A, Edvards, & S, Sharpe, Restorative justice in the Context of Domestic Violence: A Literature Review, Mediation and Restorative Justice Centre, Edmonton, Alberta, Canada, 2004.
[2] E, Gaarder & L, Presser, A feminist vision of justice? The problems and possibilities of restorative justice for girls and women, Handbook of Restorative Justice, Tailor and Francis, pp. 483 – 394, 2006.
[3] J, Ferguson, Professional Discretion ant the Use of Restorative Justice Programs in Appropriate Domestic Violence Cases: An Effective Innovation, American University Criminal Law Brief Vol. 4 (2), pp. 3 – 22, 2009.

---

311 J, Ptacek, Evaluation Research on Restorative Justice and Intimate Partner Violence: A Review and Critique, A Workshop on Developing Effective Primary, Secondary and Tertiary Intervention, The National Science Foundation and the National Institute of Justice, 2014.

312 E, Gaarder & L, Presser, A feminist vision of justice? The problems and possibilities of restorative justice for girls and women, Handbook of Restorative Justice, Tailor and Francis, pp. 483 – 394, 2006, 483.

313 M, Liebman & L, Wootton, Restorative justice and domestic violence/abuse, Report commissioned by HMP Cardiff, The Home Office Crime Reduction Unit for Wales, 2010.

[4] J, Ptacek, Evaluation Research on Restorative Justice and Intimate Partner Violence: A Review and Critique, A Workshop on Developing Effective Primary, Secondary and Tertiary Intervention, The National Science Foundation and the National Institute of Justice, 2014.
[5] K. Daly, Gendered Violence and Restorative Justice: The views of New Zealand Opinion Leaders, Contemporary Justice Review Vol. 14 (3), pp. 269 – 290, 2011.
[6] M, Liebman & L, Wootton, Restorative justice and domestic violence/abuse, Report commissioned by HMP Cardiff, The Home Office Crime Reduction Unit for Wales, 2010.
[7] P, Martin,, Restorative justice – a family violence perspectives, Social Policy Journal of New Zealand Vol. (6), Ministry of social development, New Zealand, 1996.
[8] S, Hooper & R, Bush, Domestic violence and restorative justice initiatives: the risks of a new panacea, Waikato Law Review, Taumauri, Vol. 4 (1), pp. 101 – 130, 1996.
[9] В, Стефановска, Основи на ресторативната правда и на медијацијата во казнената облас, Факултет за безбедност – Скопје, 2015.
[10] J, Stubbs, Relations of domination and subordination: challenges for restorative justice in responding to domestic violence, UNSW Law Journal, Vol. 33 (3), pp. 970 – 986, 2010.
[11] К. Daly, Restorative justice and sexual assault: an archival study of court and conference cases, British Journal of Criminology Вол. 46(2), pp. 334 – 56, 2006.